Центар
за истражување
и информирање
за животна средина
„ЕКО-СВЕСТ“ СКОПЈЕ

# Опис на работната задача

## Подготовка и печатење на три публикации со едукативни активности

**Опис на услугата**

Подготовка и печатење на три публикации со едукативни активности.

**Основни информации**

Центарот за истражување и информирање за животна средина ,,Еко-свест'' од Скопје преку локалната канцеларија Вевчани во рамки на проектот „Поддршка на одржливо управување со Заштитеното подрачје Вевчански извори” поддржан од ПОНТ (Prespa Ohrid Nature Trust) има потреба од ангажирање на правно лице за подготовка и печатење на едукативни публикации.

**Цел на услугата**

Ангажираната компанија ќе биде одговорна за подготовка и печатење на три публикации со едукативни активности.

**Обем и детален опис на услугата**

Избраната компанија треба да ги подготви и испечати следниве публикации:

- **Споменик на природата Вевчански Извори - природата во очите на децата** (33 страници вклучувајќи ги и работните листови + корица);
- **Споменик на природата Вевчански Извори - игралиште за млади истражувачи** (56 страници вклучувајќи ги и работните листови + корица);
- **Споменик на природата Вевчански Извори - експериментално поле за млади научници** (63 страници вклучувајќи ги и работните листови + корица).

На избраниот понудувач материјалите ќе му бидат доставени во работна верзија во pdf документи на македонски јазик.
Публикациите треба да бидат испечатени во А4 формат. Материјалите од кои треба да се испечатат публикациите треба да бидат од еколошка хартија (FSC), принтот да биде во фул колор, без користење на хемикалии и пластика. Исто така публикациите треба да бидат поиздржливи и прилагодени за користење во надворешни услови, затоа што најчесто ќе бидат користени во природа.

**Временска рамка**

Периодот на имплементација на активноста е една недела од потпишувањето на договорот

**Буџет**

Вкупната вредност на оваа услугата не смее да надмине 2500 евра во денарска противвредност. Проектот е ослободен од ДДВ.

**Надзор на проектот**

Еко-свест ќе биде одговорен за надзорот на спроведувањето на услугата и почитување на договорите и договорните задачи.

Контакт лице, Дарко Ќитаноски darko@ekosvest.com.mk

**Контакт лице**

За повеќе информации ве молиме контактирајте со Дарко Ќитаноски, на darko@ekosvest.com.mk или на телефон +38978449209